Друштво за заштита на авторски права
АВТОРСКА АГЕНЦИЈА СПИД ПЛУС ДООЕЛ
Бр. 03-252/1
14.10.2020 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1682/2
15.10.2020 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани**, со седиште на ул.„Раде Кратовче" бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст: **Корисник на услугата)** и

2. **Друштво за заштита на авторски права АВТОРСКА АГЕНЦИЈА СПИД ПЛУС ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул.Даме Груев бр.5-7/17, Скопје, со ДБ:4057013520310 и ЕМБС: 6844154, жиро сметка 300000003545386, депонент на Комерцијална банка АД Скопје, застапувано од Управителот Даниел Милосов (во натамошниот текст: **Вршител на услугата).**

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Набавка на услуги од авторска агенција или посредничко друштво**

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во спецификацијата, составен дел на тендерската документација, изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со објавување на Оглас бр.12598/2020, објавен на ЕСЈН, постапка која се спроведува во електронска форма и заврши со е-аукција, како последна фаза за доделување на договорот за јавна набавка, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 03.09.2020 год**.**

Подетален опис на предметот на Договорот за јавна набавка е:

- исплата на надоместоци за ангажирани лица за потребите на Општина Кочани согласно спецификацијата и избраната понуда за најповолна со Одлука за избор на најповолна понуда од 29.09.2020 год., а врз основа на резултатите од е-аукцијата, одржана на ден 25.09.2020 год.

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на овој Договор согласно вкупно планираните средства утврдени во чл.3 од Одлуката за јавна набавка од 03.09.2020 год. изнесува 762.711,86 ден без ДДВ, односно **900.000,00 ден. со ДДВ.**

Во вкупната вредност на договорот влегува висината на понудената провизија изразена во проценти, која по завршување на е-аукцијата изнесува **0,51 %** за секоја извршена услуга од страна на Вршителот на услугата со ДДВ на истата, како и висина на вкупниот бруто износ за ангажираните извршители со вклучени сите даноци.

Корисникот на услугата нема обврска во целост да ја реализира вредноста на договорот од став 1 на овој член. Реализацијата ќе зависи од потребниот број лица, односно од бројот на извршители за кои ќе се јави потреба за ангажирање кај истиот.

Висината на понудената провизија изразена во процентот од ст.2 на овој член ќе остане фиксна за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Конечната вредност на овој договор ќе се утврди врз основа на конечната вредност на стварно извршените авторски услуги за времетраење на важењето на овој Договор.

**Член 3**

Корисникот на услугата, за извршената услуга во висина на вкупниот бруто износ за ангажираните извршители со вклучени сите даноци и провизија за авторската агенција со вклучен ДДВ, плаќањето ќе го врши во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата изготвена од Вршителот на услугата во архивата на Корисникот на услугата.

При изготвувањето на фактурата, Вршителот на услугата е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Корисникот на услугата, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- висина и износ на провизија;
- името на авторите/извршителите;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ.

Рок на исплата на хонорарите е 1 (еден) ден, сметано од денот на уплатените средства од страна на Корисникот на услугата на сметка на Вршителот на услугата, согласно законите од областа на даноците, законите од областа на авторското право и други важечки прописи во Република Македонија.

Исплатата на средствата ќе се врши на трансакциска сметка на име на Извршителите.

Непочитувањето на обврската за навремено плаќање ќе се смета како суштествена повреда на овој Договор.

Сите финансиски трошоци (превоз, дневници и сл.) поврзани со администрирање на договорите скучени со извршителите се на товар на Вршителот на услугата.

**Член 4**

Вршителот на услугата е должен да врши сукцесивно посредување и ангажирање на лица со профил на извршители, во зависност од потребата на Корисникот на услугата, најмногу во рок од 3 (три) работни дена по добивање на писмено барање од страна на Корисникот на услугата, со опис на задачи/услуги за извршување.

Барањето од ст.1 ќе се доставува на електронската пошта пријавена во понудата.

**Член 5**

Услугите ќе се извршуваат согласно Закон за авторското право и сродните права, а согласно спецификацијата се:

- Изработка на авторски договори и договори за дело,
- Доставување на фактури за наплата на авторски хонорари и други надоместоци на вработените и на други ангажирани лица,
- Исплата на авторски хонорари и други надоместоци на трансакциона сметка на физички лица и уплата на персонален данок во нивно име,
- Соодветна услуга во врска со прописите за авторско право и даноците од авторско право;
- Останати услуги од авторска агенција согласно позитивните законски прописи, за законска исплата на авторскиот хонорар и други надоместоци на ангажиарни лица.

Вршителот на услугата има обврска да изготви и збирни годишни потврди за исплатениот хонорар за изминатата календарска година најдоцна до 15 февруари следната година. На тој начин ќе им се овозможи на извршителите на време да достават годишни пријави во УЈП.

**Член 6**

Вршителот на услугата ќе му плати на Корисникот на услугата определен паричен износ (договорна казна), ако:

- не ја исполни својата обврска или

-задоцни со нејзиното исполнување или неуредно ја исполни.

Во случај на доцнење со извршување на услугата, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна изнесува 1 % (процент) од вкупната вредност на овој Договор за секој ден задоцнување, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 20 % (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка. Договорната казна се пресметува додека Вршителот на услугата не ја изврши услугата, односно обврските предмет на Договорот.

Кога Вршителот на услугата доцни со исполнување на предметот на Договорот, потребно е Корисникот на услугата веднаш по приемот на исполнувањето на обврските да му врачи на Вршителот на услугата писмено известување дека Корисникот на услугата го задржува правото на договорна казна.

Корисникот на услугата не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Вршителот на услугата дека го задржува своето право на договорна казна.

Договорната казна изнесува 5 % (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка, во случај на неисполнување на обврската на Вршителот на услугата.

Во случај на неисполнување на обврската, Корисникот на услугата може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Корисникот на услугата го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Кога казната е договорена за случај да се задоцни со исполнувањето на обврската или неуредното исполнување, може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

Корисникот на услугата има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Корисникот на услугата е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

**Член 7**

Во случај на раскинување на договорот по било кој основ, за времетраењето на важноста на истиот, Корисникот на услугата има право да склучи договор со следниот рангиран понудувач од Извештајот од спроведена постапка, на начин утврден со Законот за јавните набавки.

**Член 8**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 1 (една) година, сметано од денот на склучување на истиот.

*[вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно завршување на договорените услуги или исцрпување на средствата утврдени за реализација на конкретниот договор]*.

**Член 9**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 10**

Договорните страни се согласни, доколку го променат седиштето, во рок од 15 (петнаесет) дена од промената, да ја известат со писмено известување лично или со препорачана пошта другата договорна страна.

**Член 11**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма, ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РСМ.

**Член 12**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на услуги, како и во врска со обработка на личните податоци да постапуваат во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

**Член 13**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 14**

Во случај на спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 15**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири) примерока за Корисникот на услугата, а 2 (два) примерока за Давателот на услугата, и стапува на сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

| Вршител на услугата | Корисник на услугата |
|---|---|
| АВТОРСКА АГЕНЦИЈА | |
| СПИД ПЛУС ДООЕЛ Скопје | Општина Кочани |
| Управител, | Градоначалник, |
| ( Даниел Милосов ) | ( Николчо Илијев ) |

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за јавни дејности –Голубинка Георгиева*
*Согласен: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи - Анна Кралева*